Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ЈУ Детска градинка 25 Мај - Скопје,** за сечење на дрвја, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило ( останато зеленило ) и тоа: сечење на 3 (три) дрва ( борови), кои се наоѓаат **во дворот на објектот Искра** на **ул. „Палмиро Тољати“ бб - Скопје.**
2.Сечењето на дрвјата ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Сечењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се обрзува барателот, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 3 (три) дрва, постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исечените стебла.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ЈУ Детска градинка 25 Мај - Скопје, ул. “Срекко Пужалка“ бр. 112 - Скопје** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/582** од **07.08.2024** година, за сечење на дрвја, кои се наоѓаат во дворот на објектот Искра на **ул. „ Палмиро Тољати“ бб – Скопје.** Службено лице, од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
При тоа е утврдено дека дрвата предмет на барањето се во фаза на сушење, обраснати со бршлен, високи, со плитки корени и опасни да паднат на соседните куќи и да причинат материјална и човечка штета и во случајот не постојат услови за нивно пресадување.
Согласно член 10 а во врска со член 1 став 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 4 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за јавни институции (образовни, здравствени, социјални, културни, државни, верски и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).

Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрвја чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило и дека состојбата во која се наоѓаат дрвата, не дозволува нивно пресадување односно за истите е потребно да се овозможи сечење. За дрвата за кое е дозволено сечење, на барателот му е наметнато компензациско садење.

Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/582/2**
**06.09.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**
____________________

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**
____________________
Помошник Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
____________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
____________________